**20121433434**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНСКАТА ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за странската информативна дејност во Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 ноември 2012 година.

Бр. 07- 4762/1
12 ноември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА СТРАНСКАТА ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. Општа одредба

Член 1

Со овој закон се уредува постапката и начинот на регистрирање на претставници на странски средства за информирање во Република Македонија.

### II. Претставници на странски средства за информирање

Член 2

Претставници на странски средства за информирање, во смисла на овој закон, се дописништвата и постојаните дописници на странските печатени и електронски медиуми.

Член 3

(1) Под странски печатени и електронски медиуми, во смисла на овој закон, се сметаат правни лица чие главно седиште е во странство и чија основна дејност е информирање на јавноста.

(2) Со странски печатени и електронски медиуми се изедначуваат странските радиостаници, радио-телевизиска станица, фотоагенции и друга странска новинска агенција која врши работи за информирање на јавноста.

Член 4

Под дописништво на странски печатен или електронски медиум се смета дописништво кое во Република Македонија има најмалку еден постојан дописник.

Член 5

(1) Под постојани дописници се сметаат дописници на печатени и електронски медиуми, фоторепортерите и филмските и телевизиските сниматели кои работат за странска новинска агенција, без оглед на тоа дали се странски државјани или државјани на Република Македонија, а на кои тоа им е единствено занимање, ако се определи во тоа својство да вршат дејност и да престојуваат во Република Македонија подолго од 30 дена.

(2) Странските печатени и електронски медиуми можат за вршење на информативната дејност во Република Македонија да имаат соработници, странски државјани или државјани на Република Македонија на кои таа дејност не им е единствено занимање, ако се определени во тоа својство да вршат дејност и да престојуваат во Република Македонија подолго од 30 дена.

Член 6

(1) Странските дописништва, постојаните странски дописници и постојаните службеници на странско дописништво се регистрираат во Министерството за надворешни работи.

(2) Барање за регистрирање на странско дописништво и на постојан странски дописник (во натамошниот текст: барање за регистрација и за продолжување на регистарцијата) поднесува главната дирекција на странскиот печатен и електронски медиум, а барањето за регистрација на постојаните службеници на странско дописништво го поднесува раководителот на странското дописништво.

Член 7

(1) По барање од странски печатени или електронски медиуми можат, како нивни привремени дописници во Република Македонија, да се регистрираат и нивните постојани дописници во некоја друга земја кои повремено престојуваат во Република Македонија заради вршење на информативна дејност.

(2) За време на престојот во Република Македонија привремените дописници од ставот (1) на овој член имаат исти права и обврски, како и постојаните дописници.

Член 8

(1) Барањето од членот 6 став (2) од овој закон се поднесува во Министерството за надворешни работи на образец.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за надворешни работи.

Член 9

(1) По барањето од членот 8 став (1) од овој закон, министерот за надворешни работи донесува решение за запишување во регистарот во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(2) Решението за регистрација од ставот (1) на овој член се издава со период на важење од една година.

Член 10

(1) На странско дописништво, односно на постојан странски дописник правото да врши информативна дејност му се продолжува за секоја наредна година врз основа на поднесено барање за продолжување на регистрацијата најдоцна 15 дена пред истекот на рокот на важење на регистрацијата.



www.pravdiko.com

(2) Министерот за надворешни работи донесува решение за продолжување на регистрацијата во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член.

(3) Ако од моментот на издавање на решението за регистрација од членот 9 став (1) од овој закон до моментот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член настанале промени во податоците, истите задолжително се наведуваат во барањето.

Член 11

(1) На регистрираниот постојан странски дописник му се издава акредитација која служи како доказ дека нејзиниот носител е овластен на територијата на Република Македонија да врши работи кои се однесуваат на собирање информации заради известување определен странски печатен или електронски медиум.

(2) Акредитацијата од ставот (1) на овој член ја издава Министерството за надворешни работи за период од една година и истата може да биде продолжена согласно со продолжувањето на решението од членот 10 став (2) од овој закон.

(3) Постојан странски дописник што ќе престане да врши работа на територијата на Република Македонија е должен акредитацијата од ставот (2) на овој член да ја врати во Министерството за надворешни работи во рок од 15 дена од денот на престанувањето на вршењето на работите на странски дописник во Република Македонија.

(4) Формата и содржината на образецот на акредитацијата од ставот (2) на овој член, како и начинот на нејзиното издавање ги пропишува министерот за надворешни работи.

Член 12

(1) Министерството за надворешни работи води регистар на издадени решенија за регистрација од членот 9, решенијата за продолжување на регистрација од членот 10 став (2) и регистарот на издадените акредитации од членот 11 став (2) од овој закон кои јавно ги објавува на својата веб страница.

(2) Формата, содржината и начинот на водење на регистрите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за надворешни работи.

Член 13

Странскиот печатен или електронски медиум е должен за секоја промена на раководителот на странското дописништво да го извести Министерството за надворешни работи во рок од десет дена од денот на настанатата промена.

Член 14

(1) Министерството за надворешни работи со решение може да го избрише од регистарот странското дописништво ако не се придржува кон важечките прописи во Република Македонија за вршење на информативната дејност.

(2) Министерството за надворешни работи со решение може да го избрише постојаниот дописник од регистарот и ќе му биде одземена акредитацијата ако не се придржува кон важечките прописи во Република Македонија или во Република Македонија е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци.

(3) Против решението од ставовите (1) и (2) на овој член незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Член 15

(1) Странските телевизиски екипи кои престојуваат во Република Македонија помалку од 30 дена, се должни да се регистрираат во Министерството за надворешни работи.



www.pravdiko.com

(2) Формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање ги пропишува министерот за надворешни работи.

## III. Странски информативни установи

Член 16

Странските држави и меѓународните организации можат во Република Македонија да основаат информативни установи од областа на образованието, науката, културата, туризмот и други области од јавен интерес врз основа на договор склучен со Република Македонија.

## IV. Надзор

Член 17

Надзор над примената на одредбите од овој закон врши Министерството за надворешни работи.

## V. Прекршочни одредби

Член 18

(1) Прекршочна постапка се води и прекршочни санкции за прекршоците предвидени во овој закон изрекува надлежен суд.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка, Министерството за надворешни работи ќе спроведе постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

Член 19

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странското правно лице, ако:

- продолжи да ја врши својата дејност и по истекот на рокот од една година од регистрацијата, а не поднесе барање согласно со членот 10 став (2) од овој закон,
- во барање до Министерството за надворешни работи за продолжување на правото на вршење информативна дејност нема да ги наведе промените на податоците согласно со членот 10 став (3) од овој закон и
- во рокот од членот 13 од овој закон не го извести Министерството за надворешни работи за настанатата промена.

Член 20

Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странско физичко лице, ако:

- продолжи со својата работа и по истекот на рокот од една година од регистрацијата, а не поднесе барање согласно со членот 10 став (2) од овој закон и
- не ја врати издадената акредитација во рокот утврден во членот 11 став (3) од овој закон.

Член 21

Глоба во износ од 500 од 1.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на странската телевизиска екипа која престојува во Република Македонија помалку од 30 дена, доколку не се регистрира согласно со членот 15 став (1) од овој закон.

## VI. Преодни и завршни одредби

Член 22

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 23

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија (“Службен лист на СФРЈ” број 39/74).

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.